# ПРОТОКОЛ ЗА РОДИТЕЛИ

во учебната 2020/2021 година

- Наставата во основното образование може да се реализира со физичко присуство на учениците во училиште или со учење на далечина.
- Наставниот процес во училиштето се одвива во период од 07.00 часот до 20.00 часот.
- За учениците се реализира настава со физичко присуство во просториите на училиштето, со максимално искористување на просторните и кадровските капацитети во училиштето и со задолжителна примена на сите заштитни епидемиолошки мерки утврдени во Протоколот за настава со физичко присуство и со согласност од родителите/старателите на учениците.
- Смените на доаѓање на учениците во училиште (прва и втора смена) се менуваат на двонеделно ниво
- Доколку родителот/старателот, сака неговото дете наставата да ја следи со учење од далечина, поднесува изјава до училиштето дека ученикот ќе следи настава со учење од далечина и ќе биде редовно присутен на наставата со учење од далечина, согласно распоредот за часови на паралелката.
- При настава со учење на далечина работниот ден на ученикот трае од 3 до 5 саати дневно.
- Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот со стручната служба во училиштето реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата.
- За извршената посета и разговор со родителот/старателот се составува белешка.
- Проверката (валидацијата) на знаењата на учениците се реализира со физичко присуство во училиште, на секое тримесечје по однапред утврден распоред на паралелки, број на ученици во паралелка и времетраење на проверката.
- Училиштето изготвува распоред за проверка на знаењата на учениците најдоцна 2 недели пред предвидените термини и истиот го објавува на веб страната на училиштето и на националната платформа за учење на далечина.
- За извршената посета и разговор со родителот/старателот се составува белешка.
- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето.

- Се забранува било какво неформално групирање и задржување во училишниот двор.
- Сите потребни информации може да ги најдете на веб страницата на училиштето www.ooubratstvoedinstvoohrid.wordpress.com
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците.
- Родителите обезбедуваат оброк/храна од дома, кој што треба да биде соодветно спакуван или готов производ.
- Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/одговорното лице го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
- Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД - 19, се известува епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје, која итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за проценка на степенот на ризик врз основа на контактите кои ги имале.
- Доколку некој во семејството има заболен или пројави симптоми од КОВИД-19 родителот/старателот е должен да не го носи ученикот во училиште.
- Родителот/старателот е должен да го запознае своето дете со правилата утврдени во овој Протокол.
- Училиштето нема да дозволи влез на ученик и за истиот ќе бидат евидентирани неоправдани изостаноци доколку родителот/старателот свесно и на негово барање инсистира неговото дете да не носи заштитна опрема за време на престојот во училиштето.
- Родителот/старателот е должен да дава точни и навремени информации за здравствената состојба на неговото дете. Секое давање лажни или ненавремени информации од страна на родителот/старателот за здравствената состојба на ученикот ќе биде санкционирано согласно законските прописи.
- Родителот/старателот е одговорен за здравјето на своето, но и на другите деца.
- Секој родител/старател кој при утврдена епидемиолошка анкета од страна на Институтот за јавно здравје се утврди дека се заразил, поради свесно непочитување на активните мерки за заштита од вирусот донесени од страна на Владата, притоа ставајќи ги во ризик останатите ученици и вработени во училиштето, ќе биде санкциониран согласно законските прописи.